ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2022 ГОДИНА НА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (631)

01 2022 03 01/2

Скопје, декември 2023 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за одбрана на сметката за основниот буџет (631) за 2022 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2022 година изразивме мислење со резерва за вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерството за 2017 година. Изразено е поволно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Извршена е проверка на спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година, број 10-229/11 од 06.05.2019 година со преглед за статусот на спроведувањето на препораките.

Со извршената ревизија на Министерството ги констатиравме следниве состојби:
- фактурите по основ на склучени договори за извршување на услуги не се доставуваат редовно до секторот за финансии за нивно сметководствено евидентирање;
- не е воспоставена евиденција со податоци за бројот на службени станови дадени со право на откуп на рати кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешна ЈНА и
- за дел од извршените услуги не се склучени договори со кои ќе се регулираат правата и обврските помеѓу Министерството и правните субјекти.

Со цел надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Од страна на одговорното лице на Министерството за одбрана не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-201/10 од 06.10.2023 година.

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 4 |
| 4. | Законска основа за ревизијата и временски период | 5 |
| 5. | Опфат и ограничувања | 6 |
| 6. | Одговорност за финансиски извештаи | 6 |
| 7. | Одговорност на ревизорите | 6 |
| 8. | Одговор на ревидираниот субјект | 8 |
| 9. | Финансиски извештаи за 2022 | |
| | Биланс на приходи и расходи | 9 |
| | Биланс на состојба | 10 |
| 10. | Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| | Вовед | 11 |
| | Сметководствени политики | 12 |
| | Образложенија кон финансиските извештаи | 13 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЈНА | Југословенска народна армија |
| Министерство | Министерство за одбрана |
| НАТО | Северно-атлантска договорна организација |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:11-201/17
Дата: 11.12.2023

1. Вовед

Министерството за одбрана на Република Северна Македонија е орган на државната управа, кое заедно со другите министерства се задолжени за вршење на функциите на државната управа, утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа[1] и ги врши работите кои се однесуваат на остварувањето на системот на одбраната на независноста и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија, планирањето, организацијата, опремувањето, развојот и подготвувањето на Армијата на Република Северна Македонија и спроведувањето на утврдените планови, организирањето и подготвувањето за одбрана, организирањето и спроведување на обуката за одбрана, надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

Министерството за одбрана е надлежно и одговорно за ефективно функционирање на националниот систем за одбрана, подготовките за одбрана, сеопфатна поддршка на Армијата на Република Северна Македонија, стратегиско одбранбено планирање, ефикасно управување со одбранбените ресурси, развој на воените способности за спроведување на одбранбените мисии, меѓународна одбранбена соработка, интеграција во НАТО, учество во Европската безбедносна и одбранбена политика и континуиран придонес во меѓународни операции.

На сметката на основен буџет (631), Министерството остварува приходи по разни основи и тоа: членарини за користење на спортско рекреативен центар, надомест од издавање на земјиште и објекти под закуп, надомест за користење на простор во сидриштето во Охрид, наплата на банкарски гаранции како последица од неквалитетно извршени договори за јавни набавки, рефундацијата на средства по основ на комунални трошоци кои министерството претходно ги платило во име на други правни лица.

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19 и 110/19

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна 9 и 10 на Министерство за одбрана, на сметката на основен буџет (631) за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за одбрана за 2022 година на сметката на основен буџет (631) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за одбрана на ден 31 декември 2022 година, на сметката на основен буџет (631), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за одбрана, за 2022 година, на сметката на основен буџет (631), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Министерството остварува приходи по основ на надомест од издавање на земјиште и објекти под закуп, членарини за користење на спортско рекреативен центар и други основи, за што евидентирани се побарувања во износ 145.131 илјади денари и остварени приходи во износ од 138.395 илјади денари.

Во текот на 2016 година донесено е Упатство за начинот на склучување на договори и наплата на приходите во Министерството и Армијата[2] во кое е уредено дека организацискиот облик одговорен за изработка на фактурите по основ на склучени договори, во рок од два дена истите ги доставува до Секторот за финансии за нивна финансиска контрола и сметководствено евидентирање.

Со увид во целокупната документација утврдивме дека извршени се уплати во износ од 818 илјади денари, без да се евидентираат побарувања за истите. На ревизијата и беше образложено дека дел од фактурите по основ на склучени договори не се доставени до секторот за финансии за нивно евидентирање, што не е во согласност со член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде е уредено дека сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување. Наведената состојба влијае на реално и објективно искажување на побарувањата од купувачите во Билансот на состојба заклучно со 31.12.2022 година.

Препорака:

Одговорните лица во Министерството да преземат мерки изработените фактури по основ на склучени договори за извршување на услуги редовно да се доставуваат до секторот за финансии за нивно евидентирање.

3.1.2. За купопродажба на недвижни ствари – станбени објекти, кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, помеѓу Министерството и вработени во Армијата, во минати години биле склучени купопродажни договори со право на откуп на месечни рати за период од 40 години, по кој основ во 2022 година остварени се приходи во износ од 388 илјади денари.

Министерството нема воспоставено евиденција на склучените договори, ниту има искажано побарувања за износот на недоспеаните рати кои произлегуваат од склучените договори. Сметководственото евидентирање и искажувањето на приходите се врши по пристигнат прилив на парични средства.

Отсуството на евиденција за склучените договори за продажба на службените станови на рати укажува дека Министерството нема податоци дали се врши

[2] Број 02-1138/1 од 12.02.2016 година

навремена и целосна уплата на доспеаните рати согласно договорите и не овозможува хронолошко и целосно евидентирање на побарувањата, што не е во согласност со член 5 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетски корисници, со кој е уредено дека финансиските промени односно трансакции по основ на побарувања се евидентираат хронолошки во текот на нивното настанување во деловните книги, што има влијание врз целосноста и навременоста на искажаните побарувања.

Препорака:
Одговорните лица во Министерството да преземат мерки за воспоставување на евиденција со податоци за бројот на службени станови дадени со право на откуп на рати, за износот на побарувања по основ на склучените договори, за износот на нивната отплата (целосно, делумно) по лица и нивно хронолошко, навремено и целосно сметководствено евидентирање.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Ревизијата констатира дека за дел од извршените услуги не се склучени договори со кои ќе се регулираат правата и обврските помеѓу Министерството и правните субјектите и тоа:

- по основ на физичко обезбедување на објекти на државен орган, Министерството има остварено приходи во вкупен износ од 13.901 илјади денари. Утврдивме дека и покрај тоа што во месец септември 2022 година, односно февруари 2023 година, престанала важноста на двата договори од 2018 година, од страна на Министерството не се преземени мерки за нивно продолжување и до правниот субјект се доставуваат фактури за извршените услуги.
  Истакнуваме дека од 01.09.2023 година припадниците на Армијата не вршат физичко обезбедување на еден од објектите и
- Министерството издава фактури на месечна основа за рефундирање на трошок на електрична енергија кој претходно го платил во име на правен субјект, на кој во 2009 година е дадена согласност за електричен приклучок на мрежата на Министерството, без да се склучи договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Отсек 1 Склучување на договорот од Законот за облигационите односи[3] и создава ризик учесниците во

[3] „Службен весник на Република Македонија" број 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 од Законот за договорите за превоз во патниот сообраќај, Испр. 123/13, „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21 и 154/23,
Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.121/2001 бр.78/01 и Одлуката на Уставниот суд на РМ, У.бр.67/2002 бр.59/02

облигациониот однос да не ја извршат својата обврска и да не преземат активности за нејзино исполнување.

Истакнуваме дека од страна на правните субјекти се врши редовно плаќање на доставените фактури од министерството.

Препорака:
Одговорните лица во министерството да преземат мерки за склучување на договори со кои ќе се уредат меѓусебните права и обврски и врз основ на кои ќе се врши фактурирање на извршените услуги од страна на Министерството и Армијата.

## 4. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.
Ревизијата е спроведена во периодот од 01.03.2023 до 31.07.2023 година, кај Министерството за одбрана на сметката на основен буџет (631) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Министерството за одбрана, сметка на основен буџет (631) за 2017 година, при што е изразено е поволно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година, број 10-229/11 од 06.05.2019 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека дадената препорака е спроведена.

5. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во поглед на делокругот на ревизијата.

6. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Министерството за одбрана, застапувано од:

- м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, министер од 31.05.2017 до 16.01.2022 година и
- Славјанка Петровска, министер од 17.01.2022 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

7. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.
Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако

поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Министерството за одбрана, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со лицата кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава од лицата одговорни за управувањето дека сме ги почитуваме релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 8. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерството за одбрана одржан на ден 07.09.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на Министерството за одбрана не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-201/10 од 06.10.2023 година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за одбрана | | | | |
| Сметка на основен буџет (631) | | | | |
| | | | | |
| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година | | | | |
| | | | | |
| | | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | | 2021 |
| | | | | |
| **Приходи** | **3.1** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 139.388 | | 46.222 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 104.068 | | 171.931 |
| **Вкупно приходи** | | **243.456** | | **218.153** |
| | | | | |
| Расходи | | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 24.223 | | 79.534 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 99.357 | | 25.637 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **123.580** | | **105.171** |
| | | | | |
| **Капитални расходи** | **3.3** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 3.034 | | 8.914 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3.034** | | **8.914** |
| **Вкупно расходи** | | **126.614** | | **114.085** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министерство за одбрана | | | |
| Сметка на основен буџет (631) | | | |
| | | | |
| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
| | | | |
| | | во 000 денари | |
| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
| Актива | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | 4.1 | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 116.842 | 104.068 |
| Побарувања | 4.1.2. | 6.737 | 11.172 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 663 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 14.429 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4 | 879 | 3.230 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5 | 132.235 | 132.701 |
| **Вкупно тековни средства** | | **257.356** | **265.600** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **257.356** | **265.600** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | 4.2 | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.1. | 281 | 1.688 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 257.075 | 263.912 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **257.356** | **265.600** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **257.356** | **265.600** |